МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

ГРАЃАНСКИ РЕСУРСЕН ЦЕНТАР

# ОГЛЕДАЛО НА ВЛАДАТА

## Следење на отвореноста на процесите на подготовка на закони




**Табела.** Преглед на поднесени предлог-закони по министерства и почитување на обврската за консултации со јавноста на ЕНЕР

| Министерство | Бр. на предлог-закони утврдени на седница на Влада | Бр. на предлог-закони со отстапки од обврската за консултации* | % на отстапки од обврската за консултации |
|---|---|---|---|
| МЗШВ | 8 | 8 | 100% |
| МЕ | 4 | 2 | 50% |
| МЖСПП | 8 | 0 | 0% |
| МФ | 5 | 4 | 80% |
| МИОА | 1 | 1 | 100% |
| МП | 4 | 0 | 0% |
| МЗ | 3 | 3 | 100% |
| МЛС | 1 | 1 | 100% |
| МПСОЗ | 1 | 1 | 100% |
| ВКУПНО | 35 | 20 | 57% |

**Предлог-законот или не е ставен на ЕНЕР за консултации или пак не е испочитуван рокот за консултации од 20 дена*

*Граѓанскиот ресурсен центар е проект финансиран од Европската Унија а спроведуван од МЦМС со АДИ, Гостивар и Медиа плус, Штип. Во рамките на ГРЦ се публикуваат месечни известувања со резултатите од следењето на Единствениот национален регистар на прописи (ЕНЕР). Целта на оваа активност е да се зголеми информираноста на граѓаните и да се поттикнат граѓанските организации и другите засегнати страни да учествуваат во раните фази на подготовката на законите. Оваа активност е продолжување на Проектот Огледало на Владата www.ogledalonavladata.mk, отпочнат во 2012 г., со поддршка на ЕУ(ЕИДХР) и УСАИД.*

**Месечен преглед на консултации со јавноста за објавени закони на ЕНЕР**

**бр. 56**

**кај 15 предлог-закони е забележано почитување на минималниот рок за консултации со јавноста преку ЕНЕР**

**20 предлог-закони за кои има обврска воопшто не се ставени на ЕНЕР за консултации со јавноста**

Согласно Деловникот за работа на Владата министерствата мораат задолжително да ги објават на ЕНЕР (www.ener.gov.mk) предлозите за донесување закон, нацртите и предлозите на закони, освен законите кои се донесуваат по итна постапка, и тие да бидат достапни за коментари од јавноста 20 дена од денот на објавувањето.

**Што се следи?**

**Предлог-закони отворени на ЕНЕР**

**Како се следи?**

**Редовно се бележат:**

**Статус во кој е поставен предлог-закон**

**Датум на поставување на документи**

**Период кој што е даден како можноста за давање коментари**

**Содржина на поставени документите**

**Како се одредува период на консултации?**

**Периодот се одредува според бројчаникот достапен на ЕНЕР.**

**Се следи кога предлог закон бил утврден на Седница на Влада и се споредува со периодот во кој што предлог закон беше отворен за коментари според бројчаник.**

**„Отворен" значи дека предлог-законот е отворен за консултации од страна на јавноста.**
**„Затворен" значи дека предлог-законот е утврден на седница на Влада.**

## ЦЕЛИ

Во овој преглед се претставени резултатите од следењето на предлог-законите утврдени на седница на Владата и доставени до Собрание во текот на декември и нивно поставување на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР). Прегледот има цел да укаже на почитување односно отстапување од обврската која ја имаат органите на државната управа (пред се министерствата) предлозите за донесување закон и предлозите на закони, освен законите кои се донесуваат по итна постапка, задолжително да ги објават на ЕНЕР (www.ener.gov.mk). Истите треба да бидат достапни на увид и консултација со јавноста најмалку 20 дена од денот на објавувањето (Деловникот за работа на Владата на Република Македонија, *„Службен весник на РМ" бр. 113/2017*).

## МЕТОДОЛОГИЈА

Како почетен ден за консултации се смета денот кога текстот на предлог-законот е објавен на ЕНЕР. Доколку во одредена објава на ЕНЕР за отпочнување на процесот на консултации воопшто не е поставен текстот на предлог-законот бројот на денови за консултации е нула.
Како датум на утврдување на завршувањето на консултации се користи еден од двата начини:

1. Датумот на истекување на рок за консултации согласно бројчаникот за преостанато време за консултации на ЕНЕР;
2. Датумот на утврдување на предлог-закон на Седница на Влада, доколку тој е пред датумот на завршување на период на консултации според бројчаникот на ЕНЕР.

Датумот на утврдување на предлог-закон на Седница на Влада се следи преку информациите достапни на веб-страницата на Собранието и од записниците достапни на веб-страницата на Владата.

## РЕЗУЛТАТИ

Во периодот од 1 до 31 декември 2020 г., до Собранието беа поднесени вкупно **43** предлог-закони, а за 35 од нив постои обврска да бидат ставени на ЕНЕР. Од тие 35 предлог-закони, 20 беа ставени на ЕНЕР за консултации со јавноста и рокот за консултации од 20 дена е испочитуван кај сите, но статусот на ЕНЕР е сменет во "Затворен" само кај два предлог-закони. Останатите осум предлог-закони немаат обврска да бидат ставен на ЕНЕР бидејќи шест се предложени од групи на пратеници, а два се ратификации.

Предлог-законите за кои е испочитувана обврската за консултации се: Предлог – закон за лобирање, Предлог-закон за Агенцијата за разузнавање, по скратена постапка, Предлог-закон за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година, по скратена постапка, предложени од **Министерство за правда**, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица, Предлог-закон за развој, производство и промет на воени стоки, предложени од **Министерство за економија,** Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на природата, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за водите, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за генетски модифицирани организми, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на емисии од испарливи органски соединенија при користење на бензини, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за планински патеки, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за квалитетот на амбиентниот воздух, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од бучава во животната средина, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина, предложени од **МЖСПП,** Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за Македонската банка за поддршка на развојот, по скратена постапка, предложен од **Министерство за финансии.**

Три од предлог-законите доставени во Собрание од МЖСПП, еднаш веќе биле доставени во јануари, но поради распуштањето на Собранието биле повлечени од министерството. Дополнително, треба да се истакне дека Предлог-законот за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија 2021 беше ставен на ЕНЕР за консултации со јавноста во ноември 2018 г. како Предлог-закон за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија 2020, а се најде во Собрание на расправа во октомври 2020. По враќањето на предлог-законот во ресорното министерство, истиот беше повторно доставен во Собрание во декември 2020, но имајќи предвид дека во новата верзија на предлог-законот се направени повеќе измени, се наметнува потребата од негово повторно ставање на ЕНЕР за консултации со јавноста, кое што не беше испочитувано од ресорното министерство. Слична е состојбата со Предлог-законот за агенцијата за разузнавање, кој што беше доставен во Собрание за прв пат во јануари 2020 по редовна постапка. По распуштањето на Собранието и неможноста истиот да се стави на дневен ред на собраниска седница, истиот по втор пат беше доставен до законодавниот дом во ноември, по што беше повлечен и во декември по трет пат беше доставен до Собрание под назнака за скратена постапка.

Во месечните преглед се разгледуваат и содржински предлог закони кои се објавени на ЕНЕР и кои се од значење за работењето на граѓанските организации.

Преку овој осврт ќе се овозможи организациите на поедноставен начин да се запознаат со содржината на предложените закони и значење кои тие би го имале врз нивното работење.

**Во овој број:**

**Предлог на Закон за лобирање**

## Предлог на Закон за лобирање

Предложениот Закон за лобирање содржи одредби со кои се уредуваат условите за стекнување својство на лобист и лоби организација, регистрирањето на лобистите и лоби организациите, обврските на лобистите и лоби организациите и обврските на лицата и органите кај кои се лобира, со цел транспарентност на процесите на подготвување, донесување и изменување на јавни политики односно програми, закони, подзаконски или други општи акти. Предлог-законот се однесува на лобирањето кај законодавната власт, извршната власт и органите на единиците на локалната самоуправа.

Уште во самиот почеток од изготвување на овој предлог- закон активно учество земаа повеќе здруженија и фондации кои работат во доменот на владеење на право и борба против корупција. Имајќи ги предвид основните прерогативи на Законот за здруженија и фондации за слободно искажување и промовирање на своите ставови и мислења за прашања од нивен интерес, да поведуваат иницијативи и да учествуваат во градење на јавно мислење и креирањето на политики, организациите побараа целосно изземање на граѓанските организации и фондации од примената на овој закон. Преку активен дијалог и соработка со Министерството за правда, бараната одредба е имплементирана во предлог- законот и согласно истата **лобирањето не претставува односно не се однесува на комуникација помеѓу здруженија и фондациите, регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации, со претставниците, односно органите на законодавната власт, извршната власт и органите на единицата на локалната самоуправа**.

Согласно на член 4 од предлог-законот, лобирање може да вршат само лобисти регистрирани согласно одредбите од овој закон, а по исклучок и под услови утврдени со Законот, во име и за сметка на лоби организација лобирање може да врши застапник по закон, вработен или овластено лице на лоби организацијата. Предлог-законот ги утврдува условите за стекнување својство на лобист или лоби организација, при што лобист може да биде физичко лице кое има деловна способност, а лоби организација може да биде правно лице регистрирано во Централниот регистар. Дополнително, се предлага странски правни и физички лица да може да вршат лобирање, под услов да се регистрирани за лоби организација односно лобист согласно одредбите од овој закон.

Се предлага надлежна институција за водење на Регистарот на лобисти, лоби организации и лобирање да биде ДКСК. Пријавата за запишување во Регистарот се поднесуваат до ДКСК. Член 8 предвидува Регистарот да не биде едноставен список на регистрирани лобисти и лоби организации, туку да биде сеопфатна база на податоци и информации која ќе содржи: а) податоци за лобист и лоби организација; б) записници од остварени контакти со цел лобирање; в) извештаи за активности на лобистите и лоби организациите; г) донесени внатрешни акти кои уредуваат процедури за остварувањето и евиденцијата на контактите со цел лобирање во органите кај кои се лобира.

Органите кај кои се лобира се должни со внатрешни акти да утврдат процедури односно правила со кои ќе се уредат: а) остварувањето и евиденцијата на контактите со цел лобирање; б) идентификувањето и евиденцијата на лицата кои остваруваат контакти во институциите; в) транспарентни процеси на подготвување, донесување и изменување на јавни политики односно програми, закони или подзаконски или други општи акти, што вклучуваат објавување на податоци за идентитетот на сите учесници во процесот, субјектите чии интереси биле застапувани, условите под кои учеството било остварено и исплатените надоместоци за истото; г) проактивно објавување на соопштенија за остварени официјални средби и состаноци, со податоци за присутните учесници и предметот на дискусија.

Со член 25 од предложениот закон се предвидува должност за органите кај кои се лобира на своите веб-страници да објавуваат податоци за идентитетот на учесниците во процесите на подготвување, донесување и изменување на јавни политики односно програми, закони или подзаконски или други општи акти, субјектите чии интереси биле застапувани, условите под кои учеството било остварено и исплатените надоместоци, и тоа во текот на процесот, а најдоцна во рок од пет работни дена по завршување на процесите.

Се предлага ДКСК да биде надлежна институција за надзорот над примената на одредбите од Законот за лобирање и да информира за примената на Законот во рамки на својот годишен извештај за работа. Исто така, се предвидува ДКСК да ги води и прекршочните постапки и да ги изрекува прекршочните санкции.

Законот ќе почне да се применува една година од денот на негово влегување во сила.